Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 50 став (2) од Законот за јавна, внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13 и 192/15) и член 4 став (2) од Закон за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/15 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), Градоначалникот на Општина Кочани, го донесе следното

Република Северна Македонија
Општина Кочани
бр. 08-8/3
17.03 20 21 год.
Кочани

# РЕШЕНИЕ

## за овластување лице за прием на пријави од укажувачи и назначување на лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција

1. Административниот службеник **Гоце Манев** распореден на работно место Помошник раководител на сектор за финансиски прашања од Сектор за финансиски прашања, се овластува за лице кое ќе врши прием на пријави од укажувачи во согласност со Закон за заштита на укажувачи;
2. Воедно истиот административен службеник е определен за лице кое ќе има обврска да известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција во Општинската администрација на Општина Кочани, во согласност со Законот за јавна, внатрешна финансиска конторла.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Согласно Законот за заштита од укажувачи, Градоначалникот на Општина Кочани има обврска да овласти лице за прием на пријави од укажувачи. Пријавувањето од укажувачите ги прима административниот службеник овластен од страна на Градоначалникот и тоа во усмена форма од која составува записник или во писмена форма од страна на укажувачот. Пријавите од укажувачите можат да бида внатрешни или надворешни, но мора да бидат Заштитени, а постапката се води во согласност со законот.

Согласно Законот за јавна, внатрешна финансиска контрола Градоначалникот на Општина Кочани има обврска да назначи лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција, во Општинската администрација на Општина Кочани, а со цел да се спречи ризикот од неправилности и измами и преземање на дејства против неправилностите и измамите. Назначеното лице е должно за неправилностите кои ќе ги утврди, да презема мерки и за тоа да ги извести Јавното обвинителство на РСМ, Управа за финансиска полиција и финансиска инспекција на јавниот сектор при МФ на РСМ, а во рок од 15 дена за преземаните мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.

Имајки го предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:** Против Решението административниот службеник има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, од денот на врачувањето на Решението.*

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

Изготвил:
Драган Ананиев